Предлог

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024) и член 52 став (1) од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.1/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден _.04.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Велес, определува дека на подрачјето на Општина Велес дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање се: грнчари, ковачи, опинчари, јажари, крзнари, шапкари, свеќари, венци, корпари, копчари, кујунџии, каменорезачи, клучари, саатчии, ткајачи, кондураџии, фурнаџии - фурна на дрва, рачна изработка на сита, изработка на филигран, накит и слични производи, производство на музички инструменти, резба на дрво и бакар, пирографија, изработка на народни носии, домашна ракотворба, ракотворби - изработка на сувенири и производство од хартија.

**Член 2**

На вршителите на занаетчиска дејност од член 1 од оваа одлука, им се утврдува правото на поединечна субвенција, во износ не повеќе од 15.000,00 денари, со вклучен персонален данок на доход, од Буџетот на Општина Велес во тековната година, од Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој, Програма Г1 - Локален фонд за поддршка на мали бизниси, стари занаети и ракотворци.

**Член 3**

Условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, ќе бидат утврдени со Правилник донесен од страна на Градоначалникот на Општина Велес.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Галсник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Со цел поттикнување на развој, промоција и унапредување на занаетчиството преку зачувување на автентичното занаетчиско производство, занаетчиски услуги и дејност на домашно и уметчичко занаетчиство, а согласно податоците од Регионалната Занаетчиска Комора – Велес, со оваа одлука Советот на Општина Велес, ги определува за дефицитарните занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес: грнчари, ковачи, опинчари, јажари, крзнари, шапкари, свеќари, венци, корпари, копчари, кујунџии, каменорезачи, клучари, саатчии, ткајачи, кондураџии, фурнаџии - фурна на дрва, рачна изработка на сита, изработка на филигран, накит и слични производи, производство на музички инструменти, резба на дрво и бакар, пирографија, изработка на народни носии, домашна ракотворба, ракотворби - изработка на сувенири и производство од хартија.

Согласно оваа одлука, на вршителите на занаетчиската дејност на горенаведените занаети, им се утврдува правото на поединечна субвенција во износ не повеќе од 15.000,00 денари, со вклучен персонален данок на доход,, од Буџетот на Општина Велес во тековната година од Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој, Програма Г1 - Локален фонд за поддршка на мали бизниси, стари занаети и ракотворци.

Условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Општина Велес, ќе биде утврдени со Правилник донесен од страна на Градоначалникот на Општина Велес.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.